Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија" бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" бр 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 09.08.2024 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планската документација на Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип, кој се носи согласно Генералниот урбанистички план на Град Штип за 2014-2029 (одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год.), Планската документација е изработена во сè според Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 225/20,219/21,104/22,99/23) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко – плански документации и архитектонско – урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Службен весник на Република Македонија, број 142/15), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планската документација на Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Основна цел изработувањето и донесувањето на Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип е усогласување со новата законска регулатива, вклопување на легализирани објекти, усогласување со сопственоста на градежните парцели со катастарските парцели, како и усогласување на планските одредби за реализација на просторот со условите зададени со Генералниот урбанистички план на Град Штип за 2014-2029 (одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год. Со изработка на Деталниот урбанистички план треба да се овозможи планско решение за планираните градежни парцели, нивната функционалност, диспозиција и капацитетот и максимално користење на просторот од сите аспекти. Сето ова, усогласено со анализата која произлегува од согледувањето на сите аспекти од постојната состојба во важечките плански документации кои го третираат планскиот опфат, овозможува дефинирање на основни поставки и цели на изработка на планската документација. Во границите на планскиот опфат ќе доминираат објекти кои се во групата на класа на намена А-домување, Б - комерцијални и деловни намени, Д-зеленило, рекреација и меморијални простори и Е-инфраструктири. Со правилно планирање, проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да преставува значителен товар врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18-1082/11
Штип
м-р СТ

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов